**20211542534**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 98-и став (9) од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/16, 21/18 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 103/21), министерот за труд и социјална политика донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ МЕРКИ ОПОМЕНИ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција за изречените инспекциски мерки опомени.

Член 2

Евиденцијата за изречените инспекциски мерки опомени се води во електронска форма.

Евиденцијата од ставот 1 на овој член содржи рубрики за: реден број, број и датум на решението со кое е изречена опомената, име и презиме на лицето кое го сторило прекршокот за кој се изрекува опомена, живеалиште/престојувалиште, назив и седиште на работодавачот, кратко означување на видот на прекршокот за кој се изрекува опомената, име и презиме на инспекторот за труд кој ја изрекол опомената и забелешка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-4477/7
1 јули 2021 година
Скопје

Министер,
**Јагода Шахпаска**, с.р.